ЗИМА 2007 ▫ МАКЕДОНИЈА

# THE BULLETIN

THE REGIONAL ENVIRONMENTAL CENTER FOR CENTRAL AND EASTERN EUROPE

**Билтен на Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија**







## ПРОМОВИРАНА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА МЕХАНИЗАМ ЗА ЧИСТ РАЗВОЈ

Како резултат на заедничкиот проект помеѓу РЕЦ, UNDP и Министерството за животна средина и просторно планирање "Развивање на Национална Стратегија за имплементација на Кјото Протоколот во Македонија" финансиран од UNDP и Јапонскиот Специјален Фонд (ЈСФ) со големо задоволство Ве известуваме дека на својата 35 седница одржана на 11.02. 2007 год. Владата на Република Македонија ја усвои Националната Стратегија за Механизмот за чист развој за првиот период на обврски според Кјото Протоколот 2008-2012 година.

Продолжува на страна 11

ОБУКИ ЗА ЕФИКАСНА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА *стр.* 2

НАЦИОНАЛНА SECTOR ПРОГРАМА ЗА ГРАЃАНСКИ ЗДРУЖЕНИЈА ЗА УРБАН И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ *стр.* 4 и 5

ОБУКИ ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА ВО ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА *стр.* 6

ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА *стр.* 8 и 9

# СО НОВИ СИЛИ ВО НОВИ ПОБЕДИ

*Стариот Завет вели дека Бог го создал животот но истовремено ги обврзал сите живи суштества да ја чуваат и заштитуваат природата за да обезбедат услови за продолжување на животот преку нови поколенија. Човекот со својата силно развиена љубопитност стигнал и до навидум недопирливите делови од постоењето на животот, па сепак, тој е должен да почитува некои граници; Тој нема власт да ја менува или загрозува природата и на тој начин да го доведе во прашање нејзиниот опстанок. Сите ние постоиме на планетата Земја со некаква своја мисија и се трудиме колку што можеме повеќе да ги реализираме своите замисли, планови и желби.*

*Така и напорите на сите вработени во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија во изминатата 2006 година беа да се продолжи со реализирање на сопствената мисија и што е можно повеќе да се помогне во заштита и унапредувањето на животната средина во нашата земја. Во насока на успешна реализација на проектот за Локални акциони планови за животна средина (ЛЕАП) беа овозможени инвестиции за решавање на еден приоритетен проблем во шесте општини-корисници, а беше започнат и проектот за изготвување на физибилити студија и техничка документација за третман на отпадните води во општина Сарај. Минатата година почнавме да работиме на создавањето на Зелениот Пакет- наставен материјал за одржлив развој за училиштата во Македонија, со поголем број вклучени партнери и корисници во овој комплексен процес. Персоналот на РЕЦ особено придонесе и за одржување на 9-тиот состанок на Работната Група за РЕРеП во Скопје, многу регионални средби, работилници и состаноци, како и за успешен напредок во областа на климатските промени преку модерирање на процесот на изготвување на Национална стратегија за механизми за почист развој (во рамките на Кјото Протоколот). Беше потпишан и договор за соработка помеѓу РЕЦ и Шведската Агенција за Соработка и Развој (Сида) за помош на НВОи- здруженија на граѓани од Западен Балкан за нивно зајакнување и иницирање на обемни активности за одржлив развој во урбаните средини. Напредок беше забележан и на полето на пристапот до информации и учество на јавноста во процесот на донесување на одлуки за животна средина (спроведување на Архуската Конвенција), во рамките на кој РЕЦ организираше 4 обуки за НВОи како и 4 обуки за претставниците на општините за поефикасна децентрализација во областа на животната средина. Од овие два проекти подоцна ќе бидат публикувани два водичи и дистрибуирани со сите вклучени страни и општествени чинители, без кои сите овие активности немаше да бидат реализирани и кои дадоа голем придонес за самите проекти во текот на целата година. Нашите цели и планови беа успешно реализирани поради важната улога на сите вработени во РЕЦ и нивните залагања и постигнувања - сепак не беше лесно да се постигнат добрите резултати во една возбудлива политичка и работна средина, каде барањата и очекувањата на нашите корисници се се поголеми.*

*2006 година ќе ја забележиме и како година на големи промени во нашиот тим - тројца колеги го напуштија РЕЦ а три нови сили за нови победи се приклучија кон нашето големо зелено семејство. Оваа година се надеваме дека ќе ни донесе уште поголеми успеси и важни достигнувања, нам и на нашите соработници, корисници и партнери. Со нови сили тргнуваме во нови задачи кои секако треба да придонесат кон заштитата и унапредувањето на животната средина и развојот на нашата земја. Ви посакувам љубов, добра работа и успешно реализирање на сите цели и планови. Се надевам дека сите ние ќе продолжиме да оствaруваме уште повеќе зелени акции!*

*Со почит,*
***Катарина Стојковска***
*Директор на Канцеларијата на РЕЦ во Македонија*

**Издава:**
Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа Канцеларија во Македонија
**Одговорно Лице:** Катарина Стојковска
**Техничка подготовка:** Дејан Ковачевиќ
**Лектура:** Марина Орцанова
**Печати:** РИ-Графика
**Тираж:** 250 примероци

**Адреса на главната Канцеларија во Сентендре:**
The Regional Environmental Center for Central and Eastern Europe
Ady Endre ut. 9-11
2000 Szententre Hungary
Tel.+36 26 504 000;
Fax. +36 26 311 294
e-mail: info@rec.org
http://www.rec.org

**Адреса на Канцеларијата во Македонија:**
Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа Канцеларија во Македонија
ул. Илинденска бр. 118
1000 Скопје
Тел/факс: 02 3090 135, 3090 136 3060 146 и 3060 147
e-mail: rec@rec.org.mk

# ОБУКИ ЗА ЕФИКАСНА ДЕЦЕНТРАЛИЗАЦИЈА НА ЗАКОНОДАВСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Проектот Ефикасна децентрализација на законодавството за животна средина кој беше финансиран од страна на Британската Влада преку Агенцијата DEFRA (Одделение за животна средина, храна и земјоделство) се спроведе преку организација на четири обуки наменети за претставници на единиците на локалната самоуправа. За обуките се изработија програми, базирани на нацрт Водичот низ законодавството за животна средина.

Циклусот на обуки започна во Скопје (17-20 октомври 2006 г.); наредната се одржа во Маврово (31 октомври-1 ноември 2006 г.), додека останатите две обуки (трета и четврта) беа одржани во Охрид (7-10 и 21-24 ноември 2006 г.). На поканите за учество се отповикаа вкупно 61 учесник, или 72% од поканетите. Учесниците беа главно задоволни од содржините што беа презентирани низ предавањата и интерактивните вежби. Секоја обука се состоеше од осум сесии, покривајќи и обработувајќи одредени поглавја и теми од предметните закони: Законот за животна средина, Законот за управување со квалитет на воздух, Закон за отпад и Закон за заштита на природата. Сесиите беа организирани како што следи:

1. Закон за животна средина: опфат, дефиниции, општи и посебни поими;
2. Интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план;
3. Закон за отпад: опфат, дефиниции, општи и посебни поими;
4. Интегрирано управување со цврст отпад на регионално ниво;
5. Алатки за управување со отпад;
6. Финансирање на управување со отпад; надлежности на овластени инспектори за животна средина;
7. Закон за управување со квалитет на воздух: опфат, дефиниции, општи и посебни поими, управување со квалитет на воздух на локално ниво;
8. Закон за заштита на природата: локални права и обврски.

Според оценувањето на обуката што го реализираа учесниците на крајот од секоја обука најинтересни и најкорисни биле сесиите Интегрирано управување со цврст отпад на регионално ниво и Алатки за управување со отпад; од друга страна, најниско беа оценети првите две сесии: вовед во Законот за животна средина и Интегрираните еколошки дозволи.



Обуката беше претежно наменета за стручни лица со одредено претходно познавање на проблематиката на законите и животната средина воопшто, така што учесниците што во својата општина секојдневно работат на проблематиката за животна средина се вклопија извонредно и даваа исклучителен придонес за обуката во однос на прашања од заеднички интерес. Од друга страна, оние учесници што поседуваа само основни сознанија на обуката се стекнаа со информации предадени на едноставен начин, за да им се олесни консултирањето на законската материја при нивната секојдневна работа. Секогаш кога ќе се отвореше тема поврзана со предавањата, но надвор од програмите на обуката, учесниците имаа можност да добијат и дополнителни информации или да бидат упатени каде да ги добијат потребните информации.
Можноста да се споделат искуства помеѓу колегите беше дополнителна придобивка на обуките; за да се овозможи натамошна комуникација помеѓу службите во општините на веб-страната на РЕЦ се достапни листите на учесниците на обуката со нивните контакти. Исто така достапна е публикацијата Водич низ законодавството за животна средина чие што печатење се финансираше преку проектот.

Учесниците се заложија за продолжување на ваков вид на обуки и се сложија дека наредниот циклус треба да се коинцентрира на надлежностите на овластените инспектори на локално ниво и нивното спроведување. Во идниот период РЕЦ ќе направи напори за обезбедување на финансиски средства за реализирање на ваква обука.

Контакт:
**Ана Петровска**
**Раководител на проектот**
ana@rec.org.mk

## НАЦИОНАЛНА SECTOR ПРОГРАМА ЗА ГРАЃАНСКИ ЗДРУЖЕНИЈА ЗА УРБАН И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа, со поддршка на Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (SIDA) во јули 2006 год. ја започна големата програма за поддршка на Граѓанските Здруженија, со цел да ги оспособи чинителите на граѓанското општество да работат на прашања поврзани со урбаната средина и со одржливиот развој во Југоисточна Европа. Покрај тоа, се очекува поддршката да резултира во посилно граѓанско општество, со цел:

- Да се подигнува свеста кај заедниците во однос на условите и на можните решенија за проблемите во секторот животна средина (посебно животната средина и здравствените проблеми); и
- Да се промовираат позитивни промени во животната средина преку: лобирање во полза на животната средина, застапување и набљудување на работата на власта и на индустријата.

Темите што мора да ги третираат проектите се:

- Урбаната животна средина, преку работа на националните приоритети во домените на користење на земјиштето и урбанистичко планирање, транспорт, енергија и климатски промени и управување со отпад и со води.
- Одржливиот развој во урбаните животни средини, преку поддршка на пристапи во политиката и преку изработка на регионални практични пилот проекти.

Во текот на втората половина од 2006 год. активностите започнаа со изготвување на адресар на ГЗ и подготовка на упатството за подготвување на предлог проекти. Програмата има Регионална и Национална Компомента. Националниот повик беше објавен во октомври 2006 год. и процесот на селекција се одвива по следниот распоред:

| | |
|---|---|
| Процес на селекција: | Селекционот процес ќе трае од септември 2006 година до мај 2007 година, со следните чекори и временски рокови:<br>- Краен рок за поднесување на концепциските документи: 20 ноември 2006 година.<br>- Состанок за оценување на концепциските документи: 21 декември 2006 година.<br>- Краен рок за поднесување на целосните предлог проекти: 12 февруари 2007 година.<br>- Состанок за оценување на целосните предлог проекти: 23 февруари 2007 година.<br>- Конечна одлука од донаторот: април 2007 година.<br>- Состанок на добитниците: мај 2007 година. |
| Времетраење на проектите: | Проектите ќе траат 12 месеци од јуни 2007 година до мај 2008 година. |

Во текот на изминатата година, поточно во ноември 2006 г. во канцеларијата на РЕЦ во Македонија пристигнаа вкупно 77 концепт документи. Овие документи беа разгледувани од страна на Локален Советодавен Одбор кој брои 5 члена. Неговата работа ја води директорот на РЕЦ во Македонија кој исто така има право на учество во дискусиите и право на глас. Состанокот на ЛСО за оценување на концептите беше одржан на 21 декември 2006 година. Од вкупно 77 поднесени концепциски документи, од страна на ЛСО беа селектирани 16 концепти кои понатаму треба да се развијат во целосни предлог проекти и нивното оценување се одржа на 3 март 2007 год.

Активностите во рамките на оваа грант програма продолжија со организирање на 4 работилници во текот на јануари 2007 год. со кои беа опфатени 4 теми: користење на земјиште и урбнистичко планирање, енергетски прашања, управување со отпад и едукативни теми (подигање на свест). Обуките се одржаа во Скопје-2, Велес и Охрид.

# НАЦИОНАЛНА SECTOR ПРОГРАМА ЗА ГРАЃАНСКИ ЗДРУЖЕНИЈА ЗА УРБАН И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ



Скопје 16.01.2007 год. подготвителна работилница за селектирани концепти



Скопје 16.01.2007 год. подготвителна работилница за селектирани концепти



Скопје 16.01.2007 год. подготвителна работилница за селектирани концепти



Велес подготвителна работилница за селектирани концепти

Целната група на обуките беа селектираните ГЗ во фазата на концепциски документи кои ќе изготвуваат целосни предлог проекти. Целта на обуките беше да се обезбеди помош на ГЗ во подготвување на целосен предлог проект, како и да се обезбеди дека целната група ја разбира грант програмата и нејзините специфичности (развивање на логичка рамка, медиумска покриеност, теми, буџет).

По завршувањето на процесот на оценување на целосните предлог проекти од страна на ЛСО истите ќе бидат испратени до донаторот Сида од која се очекува да донесе конечна одлука во текот на месец април 2007 год.

Контакт:
**Валентина Петрушевска**
**Асистент на проекти**
valentina@rec.org.mk

# ОБУКИ ЗА УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА ВО ПРОЦЕСОТ НА ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Во рамките на проектот РЕРеП 2.2 "Градење на Стратегија за Имплементација на Архуската Конвенција во Република Македонија" со наслов " Подобрување на Прак-



тиките Учество на Јавноста: Следни чекори во Имплементација на Архуската Конвенција во Албанија, Босна и Херцеговина, Македонија, Србија и Црнагора и Косово (UNMIK ) кој заврши во декември 2006 г., помеѓу другите активности за кои веќе пишувавме се изработи и Прирачник за учество на јавноста во процесот на донесување на одлуки од областа животна средина со посебен осврт на процедурите за оцена на влијанието на животната средина, стратешка оцена на влијание врз животната средина и интегрирано спречување и контрола на загадувањето.

По изработката на прирачникот се одржаа и серија на обуки на кои на учесниците им беа претставени основните поими за тоа што е јавност и засегната јавност, придобивки и потреба од вклучување на јавноста во донесувањето одлуки и регулатива и конвенции кои го третираат учеството на јавноста, а потоа и процесите на учество на јавноста во оцената на влијание врз животната средина, учество на јавноста во стратегиската оцена на влијание врз животната средина и учество на јавноста во интегрираното спречување и контрола на загадувањето.

Првата обука се одржа во Скопје (17-18 октомври 2006 г.) во просториите на РЕЦ, наредната се одржа во Маврово (30 октомври -1 ноември 2006 г.), додека останатите две обуки (трета и четврта) беа одржани во Охрид (7-10 и 21-24 ноември 2006 г.).

Сите учесници се сложија околу релевантноста на презентираните материјали и потребата од таков вид на обука посебно за Локалната самоуправа која во одредени случаи може да се јави и како инвеститор кој треба да ги спроведе процедурите за учество на јавноста.

Изработката на прирачникот е во завршна фаза. Во моментов се ревидира во согласност со последните измени на подзаконските акти на Законот за животна средина од јануари 2007 г. По ревизијата ќе се испечати во 1000 примероци кои што ќе бидат дистрибуирани по релевантните министерства, институции и по општините.

За сите дополнителни информации во врска со проектот и со напредокот во процесот на имплементација на Архуската Конвенција во РМ можете да се обратите во канце-



ларијата на РЕЦ во Македонија или во Канцеларијата за комуникација со јавност при Министерството за животна средина и просторно планирање.

контакт:
**Корнелија Радовановиќ**
**Раководител на проекти**
kornelija@rec.org.mk

# ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДНИ ВОДИ ВО ОПШТИНА САРАЈ

Проектот финансиран од Министерството за надворешни работи од Норвешка преку кој ќе се изработи детална проектна




Проектен регион

документација за одведување и пречистување на отпадните води од населбите во општина Сарај навлезе во фазата на изработка на физибилити студија и идеен проект. За извршување на работите се ангажирани тројца клучни консултанти така што секој одделно покрива различни аспекти на изводливоста на проектот: институционални, финансиско-економски и анализи на техничкото решение за канализација и пречистителна(и) станица(и). Обезбедена е помош од странски експерти што по потреба ќе бидат консултирани во текот на проектот.

Реализирани се неколку состаноци со месното население, чии што претставници членуваат во Локалниот комитет. Овој локален комитет ќе биде вклучен во сите фази и донесување на одлуки во врска со проектот: избор на оптимален концепт, оцена на влијанија врз животната средина итн.

Почетниот извештај во кој ќе бидат сублимирани наодите од првичните теренски посети како и од анализата на постојни технички и финансиско-економски податоци беше предаден на 26 февруари, додека презентацијата на овие наоди пред Локалниот комитет се изврши на 02 март 2007 година.




Варијантен технички концепт

Контакт:
**Ана Петровска**
**Раководител на проектот**
ana@rec.org.mk

# ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Во периодот од октомври 2006-јануари 2007 год. Канцеларијата на РЕЦ во Македонија продолжи со имплементација на проектот Развивање на Локален Акционен План за Животна Средина (ЛЕАП). Во изминатиот период беше организирана промоцијата на ЛЕАП во ***општина Теарце*** на ден 30.11.2006 год. на која присуствуваа претставниците на Кралството на Шведска, Г-ѓата Ulrika Lindberk-Labasauskas, прва советничка на Амбасадорката на Шведската амбасада и раководител на развојната програма, г-ѓа Биљана Цартова-Петровска-Раководител на програмата за животна средина и економски развој при Шведската амбасада, г-ѓа Катарина Стојковска, директор на РЕЦ, градоначалникот на општина Теарце г-дин Рами Ќерими, претседателот на Советот на општина Теарце, Фадил Џафери, претседателите на Месните Заедници, советниците на општината и др.



Фудбалско игралиште во село Лешок

Стратешкиот ЛЕАП документ покажа дека најголемиот проблем со кој се соочуваат жителите на општина Теарце се дивите депонии во: Лешок, Слатино, Одри и Нераште со вкупна површина од 36.760 м2. За решавање на овој проблем направен е напор за расчистување на дивите депони во овие населени места, исфрлен е отпад од околу 466м3, поставен е слој на хумусна земја и посеана е трева. На местото каде се наоѓаше огромна депонија, со санирање на овој дел, жителите од населеното место Лешок добија фудбалско игралиште. Општина Теарце превзема и мерки за понатамошно одржување, назначен е инспектор за животна средина, воведени се казни за несовесните граѓани, а управувањето со отпад веќе е дадено под концесија на приватното претпријатие ЕКО-ФЛОР. Концесионерот не смее отпадот да го депонира на територија на општина Теарце, туку истиот треба да се депонира во регионалните депонии, за кои има и дозвола. Собирањето на отпадот е организиран од страна на концесионерот и тоа во 9 населени места во општина Теарце. Во овој систем се вклучени околу 2800 домаќинства кои веќе имаат потпишано договор со концесионерот.

***Општина Ѓорче Петров***

Проект: **Изградба на дел од колекторски систем во населено место Волково - Ново Село**

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија заедно со општина Ѓорче Петров во изминатиот период отпочна значајна иницијатива за подобрување на квалитетот на животот на граѓаните од населените места Орман и Волково, а тоа е изградбата на дел од колекторски систем со вкупна должина од 669 м. Ова претставува голем чекор за граѓаните, имајќи ја предвид лошата состојба во која се наоѓаат а тоа е непостоење на канализационен систем за прифаќање, третман и одведување на комуналните отпадни води. На територијата на општина Ѓорче Петров има околу 6.000 непрописно изградени септички јами при што директно се загадуваат подземните води на артерските бунари. Општината Ѓорче Петров покажа огромна одговоронст при реализација на овие активности. Директниот контакт со граѓаните придонесе овие активности да продолжат со тоа што по пат на референдум тие се изјаснија да учествуваат во понатамошните фази со сопствени средства преку самопридонес. Од вкупно 5.117 запишани гласачи на гласање излегоа 3194 гласачи или 62,42% од кои ЗА гласаа 3126 гласачи или 98,2%, а ПРОТИВ 58 гласачи или 1,8%.


Почеток на изградбата

***Општина Виница***


Изградба на потпорен ѕид

Проект: **Нерегулирано речно корито и излевање на Градечка река во Виница** Околу 14.000 жители на едно од најубавите и најуредените гратчиња во Македонија, градот Виница, деновиве можат да се пофалат со новиот изглед на Градечка река која поминува низ центарот на градот. Покрај убавиот изглед, со чистењето на коритото и изградбата на потпорниот ѕид по долниот тек на реката со должина од 457м се овозможи целосно регулирање на Градечка река која со години претставуваше опасност за домовите на 48 семејства. Од големо значење е и заштитата на околу 20 хектари на земјоделска површина. Долж течението на Градечка река граѓаните можат да уживаат седејќи покрај реката во убаво уреден кеј.

# ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Благодарение на домаќинското работење на општина Виница, изградени се дополнителни 130м потпорен ѕид по горното течение на реката, а со тоа се спречи голема катастрофа, одрон на витален дел од патот во непосредна близина на археолошкиот локалитет Виничко Кале.

***Општина Илинден***

Проект: **Студијата за прифаќање и третман на отпадни води на територијата на општина Илинден** Вкупно 4.298 домаќинства, жители на 12 населени места и тоа: Илинден, Марино, Кадино, Мралино, Ајватовци, Бунарџик, Миладиновци, Бујковци, Мршевци, Бучинци, Текија и Дељадровци кои се составен дел на општина Илинден веќе подолг период ги мачи проблемот со недостаток на канализационен систем за прифаќање, третман и одведување на комуналните отпадни води. Во рамките на ЛЕАП програмата, општина Илинден вложи големи напори за решавање на овој проблем. Подготовката на студијата, изработка на идејното решение и основниот проект ќе влијае директно во подобрувањето на еколошките проблеми на територија на општина Илинден. Имено со изградба на системот ќе се спречи испуштањето на фекалиите од домаќинствата и стопанските субјекти во одводните канали кои на територија на општината ги има во должина од 60км. Овие отворени одводни канали претставуваат голем еколшки проблем за граѓаните бидејќи поминуваат низ населени места и го загрозуваат здравјето на луѓето и околината. Воедно со изградбата на системот овие води од одводните канали би биле почисти и би се вратила нивната првобитна намена за наводнување на земјоделските површини и развој на руралното земјоделие.

***Општина Дојран***

Проект: **Изградба на секундарна канализациона мрежа во населбата Стар Дојран во должина од 1236 метри** Во една од трите легенди за Дојран и Дојранското езеро се вели: во градот Полин имало една многу убава девојка што се викала Дојрана. Била висока црноока, со витка става. Дојрана со своите другарки секоја вечер доаѓала на чешмата која се наоѓала во пространата долина источно од градот. Една вечер кога Дојрана отишла по вода со своите другарки, кај чешмата дошол и нејзиниот мерак, убавиот Лабин. Додека Дојрана и Лабин си зборувале за нивните љубовни чувства, другарките на Дојрана ги наполниле бардињата и тргнале накај дома. Дојрана и Лабин останале сами. Се задржале подолго време. Кога увидела дека другарките си заминале, многу се збунила па затоа на брзина ги наполнила со вода своите бардиња и побрзала да ги стигне другарките. Во тоа брзање ја заборавила чешмата отворена. Големата количина вода од чешмата течела цела ноќ па другиот ден народот со чудење гледал дека целата долина е исполнета со вода и наместо убаво тревно поле, настанало езеро. Бидејќи Полјанци дознале дека Дојрана е виновникот што настанало езерото, по нејзиното име го нарекле Дојранско Езеро, а градот го нарекле Дојран.



Градежни работи на ул.Гоце Делчев

Гордоста на 4000 Дојранци ќе се зачува со изградба на улична фекална канализација во должина од 1236 метри, кои со претходно изведената мрежа не се опфатени. Вкупно 170 домаќинства од ул Гоце Делчев, улица Маршал Тито и улица Нојо Мастела ќе се приклучат на овој систем од фекалната канализациона линија кои досега користеа индивидуални септички јами.

***Општина Дебарца***

Проект: **Пречистителна станица за отпадни води за населено место Белчишта во општина Дебарца**. ...Кога во сончев ден се капете во Охридското Езеро, и кога наеднаш ќе изроните од неговите длабочини и кога во еден еден миг ќе ја заплискате водата над себе, околу вас во круг, на мазната светлотемна површина се создаваат сребрени, проѕирни, големи и мали меурчиња. Во секое од нив двапати се огледува сонцето, како две искри со нееднаква големина. Кога ќе се доближите до едно од поголемите меурчиња и ќе го задржите здивот за да не го разбиете, можете во него како во криво огледало да го здогледате своето лице, влажно и насмеано....



Пречистителна станица

835 жители од населеното место Белчишта, до неодамна проблемот со фекалните отпадни води го решаваа со несоодветни септички јами со пропустно дно така што целата фекална вода се оцедува во земјата. Дел од куќите, фекалните отпадни води ги испуштаат во реката која индиректно преку Сатеска Река се влева во Охридското Езеро. Со изградбата на пречистителната станица се обезбедуваат услови за нормален развој на населбата, ќе се намалат ризиците за човековото здравје, екосистемот а воедно и квалитетот на животот.

Контакт:
**Валентина Петрушевска**
**Асистент на проект**
valentina@rec.org.mk

# ЗЕЛЕН ПАКЕТ: ЕКОЛОШКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ЗА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Како продолжение на активностите на проектот "Зелен Пакет" - еколошко образование за одржлив развој за основните училишта во Република Македонија", се оформи група на национален експертски кадар кој ќе работи на адаптација на текстот на содржините на пакетот. Групата ќе работи на адаптација на веќе постоечкиот текст и на изработка на национални примери за секоја од 22-те теми во различни области од животната средина.




Презентација на зелениот пакет за основните училишта во општина Неготино

Паралелно со овие активности тимот на РЕЦ врши посети на општините во Македонија и го презентира проектот како пред Локалната Самоуправа така и пред претставници (наставници и директори) од локалните основни училишта и НВО секторот, се со цел поголем број на училишта да се информираат за тековните активности на проектот и да се пријават за обука за негово користење како интерактивна алатка во областа на образованието за одржлив развој.

За потсетување, директни корисници на проектот се Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за образование и наука во Република Македонија а имплементирачка агенција на проектот е Регионалниот центар за заштита на животна средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) - Канцеларија во Македонија. Донатор на проектот е Австриската влада преку Austrian Development Cooperation.

За сите дополнителни информации во врска со проектот можете да се обратите во Канцеларијата на РЕЦ во Македонија или во Канцеларијата за комуникација со јавност при Министерството за животна средина и просторно планирање.

контакт:
**Корнелија Радовановиќ**
**Раководител на проекти**
kornelija@rec.org.mk

# Советодавна група за животна средина и мониторинг

Како што веќе пишувавме во претходниот број на билтенот, Канцеларијата на РЕЦ во Македонија е вклучена во проектот "Изградба на Скопска Обиколница - делница Оризари-Сарај" преку давање на логистичка поддршка на Советодавната група за животна средина и Мониторот за животна средина. Проектот е финсиран од Европската Банка за Реконструкција и Развој (EBRD ). Како што е зацртано во договорот за заем на Фондот за магистрални и регионални патишта (FMRP ) и EBRD , мерките за заштита на животната средина при изградбата на овој дел од обиколницата мора да се применат од страна на изведувачот на градежните работи на обиколницата, ТЕРНА, надзорот ГИМ, како барање на нивниот договор со Фондот за магистрални и регионални патишта. ЕМАГ ја проценува имплементацијата и ефектите од влијанието врз животната средина како и мерките за набљудување за конструкцијата на западната секција од втората фаза на Скопската обиколница и е формирана од страна на Министерството за транспорт и врски (МТВ) во 2005 година. Членовите на ЕМАГ ги претставуваат заедниците по должина на обиколницата, НВОи од областа на животната средина и владините тела кои финансиски учествуваат, (ФМРП и МТВ). На состаноците на ЕМАГ исто така се повикани и претставници од ТЕРНА и ГИМ, со цел да набљудуваат и одговараат на прашањата на ЕМАГ. Во приодот од 6-7 септември, 2006 год. Советодавната група за животна средина и мониторинг на Скопската обиколница (ЕМАГ) го одржа четвртиот квартален состанок. Во текот на овие два дена беа реализирани два состанока како и посета на терен. 5тиот состанок на ЕМАГ групата беше одржан на 28-29.11. 2006 год. каде што исто така беа реализирани два состанока на групата како и инспекција на терен. Состаноците продолжуваат да се одржуваат на секои три месеци а сите записници како и табелата со акции која се следи и дополнува после секоја мисија, можат да се најдат на веб страната на РЕЦ www.rec.org.mk или да се побараат во нашата канцеларија. Исто така после секоја одржана мисија се подготвува и испраќа изјава за сите заинтересирани страни и медиуми, за текот на секоја мисија како и за главните заклучоци и активности превземени од ЕМАГ и ТЕРНА како изведувач на работите.

Лице за контакт:
**Марина Орцанова**
**Технички секретар**
marina@rec.org.mk

# ЕкоВести-ЕкоВести-ЕкоВ

## ПРОМОВИРАНА НАЦИОНАЛНАТА СТРАТЕГИЈА ЗА МЕХАНИЗАМ ЗА ЧИСТ РАЗВОЈ

Во последните години, климатските промени како тема се повеќе го привлекуваат вниманието на јавноста. Глобалното зголемување на температурите, топењето на глечерите и поларните капи, катастрофални временски непогоди и забрзаното опустинување укажуваат на климатски промени. По повеќегодишни преговори меѓу државите членки на Рамковната Конвенција на ОН за климатски промени, беше решено конвенцијата да се дополни со договор со посилни барања за намалување на емисиите на стакленички гасови. Текстот на Протоколот од Кјото беше едногласно усвоен во 1997 год, и стапи на сила на 16.02. 2005 год. Овој меѓународен договор поставува легално обрвзувачки цели и временски рамки за намалување на емисиите на стакленички гасови во индустријализираните држави. Кјото Протоколот вклучува механизми за намалување на емисиите кои ќе бидат спонзорирани во овие држави во развој без цели за намалување на емисиите. Според овие услои воспоставен е Механизам за чист развој (CDM ) како систем во рамките на Протоколот од Кјото за финансирање на проекти за намалување или избегнување на емисии во државите во развој. Македонија го ратификуваше Кјото Протоколот во 2004 год. и спаѓа во категорија на држава во развој. Затоа од голема важност за државата е да има национална стратегија за Механизмот за чист развој, со што ќе се олесни имплементацијата на Кјотот Протоколот.

Националната Стратегија за Мхенизмот за Чист Развој беше прмовирана на 23.02. 2007 год. и истата може да се најде на веб страната на UNDP (www.undp.org.mk) или на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање (www.moepp.gov.mk).

Голем удел во изготвувањето на оваа стратегија има РЕЦ кој во рамките на своите активности го реализираше проектот: "Развивање на Национална Стратегија за Имплментацијуа на Кјото Протоколот во Македонија". Целта на овој проект беше да се подобри и забрза одржливиот развој во Република Македонија, преку дефинирање на порифатливиот модел за институционална поставеност за имплементација на CDM (Clean Development Mechanism) - финансиски механизми според Кјотото Протоколот. Во текот на времетраењето на проектот и во насока на добрата соработка помеѓу РЕЦ, UNDP и МЖСПП беа организирани еден консултативен состанок и дводневна работилница, со цел да се овозможи дијалог помеѓу соодветните владини институции, бизнис секторот, националните финансиски институции, меѓународните тела и НВОи кои работат во делот на Климатски промени.

# Регионален центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа - Канцеларија во Македонија

**Претставување**

Регионалниот центар за заштита на животната средина за Централна и Источна Европа (РЕЦ) е независна, неполитичка и непрофитабилна организација. РЕЦ беше основан во 1990 година од страна на Унгарија, Соединетите Американски Држави и Комисијата на Европската Заедница. Потоа, уште дваесет и три други држави им се придружија на овие спонзори на фондацијата.

Мисијата на РЕЦ е да ја помага соработката помеѓу различните еколошки групи и интереси во Централна и Источна Европа; да го унапредува развојот на граѓанското општество. Кориснички земји се: Албанија, Бугарија, Македонија, Полска, Романија, Словачка, Словенија, Унгарија, Хрватска, Летонија, Естонија, Литванија, Чешка, Турција, Србија, Босна и Херцеговина и Црна Гора. Покрај националните канцеларии во овие земји, РЕЦ има и две обласни канцеларии, во Бања Лука и Приштина. РЕЦ првенствено ги поддржува невладините организации (НВОи) кои работат на заштитата на животната средина, но исто така соработува со локалните влади, академските институции и производствениот сектор.

**Стратегија**

Развојните програми на РЕЦ се направени така што ги помагаат следниве клучни приоритети:

· Учество на јавноста во процесот на донесување одлуки за заштитата на животната средина;

· Соработка помеѓу НВОи, владата, стопанскиот сектор и другите различни интереси;

· Ширење на јавната еколошка свест и образованието;

· Локално решавање на локалните еколошки проблеми;

· Интегрирано решавање на регионалните еколошки проблеми.

Покрај тоа, програмите на РЕЦ потпомагаат индивидуалци и организации кои развиваат или спроведуваат решавање на еколошките проблеми во регионот.

РЕЦ е присутен во Република Македонија со свој координатор од јуни 1993 година.

Канцеларијата на РЕЦ во Македонија официјално ја започна својата работа во јануари 1995 година.







РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗАШТИТА
НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
*за Централна и Источна Европа*
Канцеларија во Македонија

ul."Ilindenska" бр. 118
1000 Skopje

tel/faks: (02) 3090 135
(02) 3090 136
(02) 3060 146

e-mail: rec@rec.org.mk
http://www.rec.org.mk

*Прима:*